**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5230/**

# З А П И С Н И К

**Од 227.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 14.09.2023 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова **(скајп)**,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска **(скајп),**Селпин Керим,м-р Јагнула Куновска **(скајп)** и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Горан Атанасов-Директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Јана Граматниковска-Одделение за човечки ресурси во МРТ и Лозенка Мицевска-Одделение за правни работи во МРТ.

Седницата почна во 14.10 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 226.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ.

3. Разгледување на Правилник за решавање на конфликт меѓу јавниот и приватниот интерес при емитување на авторски дела во ЈРП МРТ.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 226.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 226.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 226.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 226.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен**.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ.**
По однос на оваа точка од дневниот ред Јана Граматниковска од Одделението за човечки ресурси објасни дека поради обемот на работа и потребите на ЈРП МРТ за исполнување и имплементација на Петгодишната стратегија за развој,а во делот на Организациската стратегија и реформи на менаџментот, со цел за подобрување и поголема ефикасност и ефективност во реализицијата на работните цели и задачи особено во делот на РА продукција,ТВ продукција и ТВ техника како и потребата за новинари во ЈРП МРТ, е изработена и доставена на разгледување ваква предлог измена и дополнување на постоечката систематизација.
Од причина пак што извесен период МРТ немаше добиено согласност од страна на Министерството за финансии за унапредување на вработените се вметнуваат пониски т.е влезни нивоа, воедно со тоа што идните нови вработувања би биле на пониски нивоа финансиските импликации на МРТ би биле помали.
Во продолжение беа наведени редоследно сите измени и дополнувања кои се планираат да се направат во Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ.
Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ без забелешки и даде согласност на истиот.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по расправата го стави на гласање Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ.
■**Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ е **едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување на Правилник за решавање на конфликт меѓу јавниот и приватниот интерес при емитување на авторски дела во ЈРП МРТ.**
Горан Атанасов-Директор на заеднички функции и администрација во МРТ даде вовед во оваа точка и објасни дека за изработка на овој акт се контактирани и е побарана помош од неколку соседни јавни сервиси.Исто така побарана е помош и од ЗАМП, со ЗАМП е одржан и состанок во просториите на МРТ но од нив беше добиен одговор на крај дека нема да дадат никакви коментари и сугестии.
На крај додаде директорот дека Одделението за правни работи во МРТ изготви некаков документ односно правилник кој е доставен и до Програмскиот совет на предходната седница, за кој вие се произнесовте дека истиот се коси со одредбите од Законот за авторски и сродни права и со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Горан Атанасов посочи дека идејата е во моментот да ви презентираме што се е направено, какви пракси се земени од јавните сервиси од регионот, и вие да ни дадете ваши предлози за корекции и да се вклучите како членови на советот се со цел да го донесеме правилникот што ќе ни помогне да има регулација на евентуални злоупотреби.
Лозенка Мицевска од Одделението за правни работи во МРТ објасни во своето излагање што е превземено за изработка на правилникот и кои јавни сервиси се консултирани од регионот и како се решени ваквите проблеми кај нив.
Снежана Клинчарова со прашања бидејќи како што истакна во овој текст на правилникот што го добивме на разгледување нигде не стои музички авторски дела, дали ова се однесува на сите и секакви авторски дела создадени во МРТ и ако е така ако се однесува на сите а не само на музичките тогаш треба да се навдеат сите авторски дела кои се опфатени, многу ќе биде комплицирано ако се опфатени сите авторски дела а не само музичките, и друго членовите 7,8 и 9 треба да бидат поопширно обајснети и попрецизно наведени однсоно да нема општи и нејасни термини.
Гајур Рамадани истакна дека овој правилник не треба да се носи поради воведување забрани туку да воведеме некој праг за да се регулираат и оневозможат одредени злоупотреби, и исто така треба да се корегираат некои поими внатре, како и тоа дека не треба да ги опфаќа само новинарите и уредниците туку и сите даватели на јавни услуги во МРТ.
На крајот од расправата беше договорено членовите на Програмскиот совет на МРТ да достават до службите во МРТ свои предлози, корекции и забелешки по однос на правилникот, како истиот попрецизно и поадекватно би ги решил проблемите при емитување на авторските дела во МРТ.

**ТОЧКА4:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше разгледан еден допис до Програмскиот совет на МРТ:
-Програмски интерес со бр.14-3483/2 od 01.09.2023 година,
-Програмски интерес со бр.14-3484/2 od 01.09.2023 година,
-Програмски интерес со бр.14-2434/2 od 01.09.2023 година.
-Програмски интерес со бр.14-4961/1 od 31.08.2023 година.

Седницата заврши во 15.40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател